Дали вашата организација има потреба од поддршка во подобрување на своето работење, градење капацитети и долгорочен развој?

Граѓанскиот ресурсен центар објави **повик за граѓански организации** за учество во програма за **менторска поддршка** насочена кон зајакнување на организациските капацитети и унапредување на внатрешните процеси на организациите.




Преку оваа програма, пријавените организации ќе добијат **директна поддршка од ментори** во една или повеќе од следните области:

- **Добро управување, транспарентност и отчетност** на граѓанската организација
- **Стратешко и годишно планирање** – насоки за дефинирање на долгорочни и среднорочни цели, приоритети на делување на граѓанската организација и

подготвување на стратешки или годишни планови

- **Проектен менаџмент -** ефективно планирање и спроведување на проекти. Мониторинг, евалуација и известување.
- **Административно работење** на граѓанската организација
- **Финансиски менаџмент** – транспарентност, отчетност и ефективно управување со финансиите на граѓанската организација, буџетирање и финансиско известување

- **Erasmus +** – Карактеристики и специфики на програмите на Erasmus +
- **Граѓанско учество и застапување** – развој на стратегии и планови за застапување, влијание врз јавни политики, работа со заедницата, иницирање локални акции.
- **Волонтерство** – развивање на програма за волонтирање, ангажирање и управување со волонтери
- **Видливост, комуникации и односи со медиуми** на граѓанската организација
- **Дигитална трансформација** – воведување или подобрување на дигиталните алатки, процеси и комуникации во граѓанската организација

- **Диверзификација на извори на финансирање на граѓанските организации** – социјално претприемништво, обезбедување услуги, итн.

- **Анализа на организациски капацитети**

**Кој може да аплицира?**

Повикот е отворен за **граѓански организации регистрирани согласно на Законот за здруженија и фондации** , кои активно работат на локално, регионално или национално ниво и имаат потреба од поддршка во една или повеќе од наведените области.

**Како да аплицирате?**

Заинтересираните организации треба да изразат интерес објаснувајќи ги главните предизвици и областите во кои бараат менторска поддршка.

**Што добивате?**

-  Индивидуален пристап и работа со искусен ментор
-  Практични алатки и ресурси за понатамошен организациски развој
-  Поддршка во примената на стекнатите знаења и препораки

Не ја пропуштајте можноста да ја зајакнете вашата организација и да го подигнете вашето влијание во заедницата!

За дополнителни информации, контактирајте нè на: info@rcgo.mk
Пријави се преку следниов формулар.

** **